Комерцијална банка

# Коментар на неконсолидирани и неревидирани Биланс на успех и Биланс на состојба на Комерцијална банка АД Скопје за периодот 01.01 - 30.09.2023 година

## 1. Биланс на успех

Во периодот од 01.01-30.09.2023 година, Банката од своето работење оствари ***позитивен финансиски резултат*** во износ од 3.047,7 милиони денари наспроти остварениот ***позитивен финансиски резултат*** во истиот период минатата година во износ од 1.850,8 милиони денари што претставува зголемување за 64,7 %. Планираната бруто-добивка за трите квартали од 2023 година е остварена со 133,2 %. Притоа, остварената добивка пред исправка на вредност, која претставува показател за оперативната способност на Банката да ги покрива расходите од работењето, е за 49,5% поголема во однос на истиот период минатата година. Зголемувањето на добивката пред исправка на вредност главно произлегува од зголемените приходи од редовно работење, односно од нето-приходите од камати кои бележат значително зголемување што се должи на континуираниот пораст на основната каматна стапка на Народната банка и на каматните стапки на странските финансиски пазари, во комбинација со структурата на активата на Банката. Зголемувањето на каматните стапки е резултат на напорите за намалување на инфлацијата на светско ниво. Позитивниот резултат од работењето Банката го оствари во услови на зголемена неизвесност поврзана со случувањата на меѓународните финансиски пазари, сѐуште висока инфлација која бележи одредено забавување, како и натамошно затегнување на монетарната политика.

**Вкупните приходи од работењето** изнесуваат 5.115,7 милиони денари и бележат зголемување од 31,6 % во однос на истиот период од минатата година.

**Нето-приходите од камата** претставуваат основна компонента во формирањето на вкупните приходи од работењето и на 30.09.2023 година истите бележат зголемување од 80,7 % во однос на истиот период од минатата година. Притоа треба да се укаже дека иако пораст бележат сите категории каматни приходи, најголемо влијание има порастот на каматата од финансиски друштва, а во помал обем влијае и порастот на приходите од камати од нефинансиски друштва, нерезиденти и држава. На пример, зголемувањето на каматните приходи остварени од финансиските друштва, каде доминираат пласманите во благајнички записи и депозитите во НБРСМ, се деветкратно поголеми, а кај нерезидентите, каде преовладуваат пласманите во странски банки се петкратно поголеми од приходите остварени во истиот период минатата година. Во текот на минатата година започна циклус на затегнување на монетарната политика преку зголемување на каматните стапки, како во ЕУ и САД, така и кај нас. Така, каматната стапка Euribor, која во третиот квартал од 2022 година се движеше од минимално под нула до околу 2 % кај 12-месечниот Euribor, оваа година достигна околу 3,5 % - 4 %. Кај благајничките записи, каматната стапка започна да се зголемува во април 2022 година и на 30.09.2022 година изнесуваше 3,00 %, додека на 30.09.2023 година истата достигна 6,30 %. Истовремено, Народната банка ги зголемуваше каматните стапки на депозитите пласирани прекуноќ и до 7 дена, при што истата се зголеми од 0,90 % и 0,95 % соодветно во септември 2022 година, на 4,20 % и 4,25 % соодветно во септември 2023 година. Каматната стапка на државните записи во периодот јануари-септември 2022 година од 0,40 % се зголеми на 4,25 % во истиот период од 2023 година, или 5,25 % кај двегодишните државни обврзници, па сè до околу 7,00 % кај еврообврзниците. Исто така, просечната пондерирана каматна стапка на депозитите во странски банки со состојба 30.09.2023 година, споредено со истиот период минатата година, е зголемена од 2,39 % на 4,49 %. Токму затоа, во билансот на Банката, приходите од камати кај финансиските друштва и нерезидентите збирно, се значително поголеми од приходите од каматите кај населението. Исто така, збирните приходи од каматите кај финансиските друштва, нерезидентите и државата се поголеми од приходите од камати кај правните лица. Банката ги оствари овие резултати благодарение на структурата на активата, во која над 56 % од пласманите се во парични средства, парични еквиваленти и пласмани во хартии од вредност, што влијаеше на одржување на висока ликвидност и профитабилност од

каматни приходи. Како резултат на ваквите движења, нето-каматната маржа на ниво на Банката се зголеми од 2,10 % заклучно со крајот на третиот квартал од минатата година, на 3,56 % со 30.09.2023 година.

**Нето приходите од провизии и надоместоци** на 30.09.2023 година изнесуваат 797,3 милиони денари и во однос на истиот период од минатата година бележат зголемување од 2,4 %. Планот за анализираниот период е остварен со 88,4 %.

**Нето приходите од курсни разлики** на 30.09.2023 година изнесуваат 271,3 милиони денари и бележат зголемување од 19,6 %, како резултат на одржувањето на зголемено ниво на отворената девизна позиција (ОДП) во однос на сопствените средства кое овозможуваше да се максимизираат нето-позитивните курсни разлики од тековно работење без да се загрозат исполнувањето на вкупните капитални барања и потребите за девизи на клиентите. Одредено влијание во оваа позиција има и евидентирањето на курсните разлики од арбитражи на девизен пазар и со странство, кои во истиот период минатата година се евидентирани во останати приходи/останати расходи, соодветно. Планот за анализираниот период е остварен со 148,9 %.

**Останатите приходи од работењето на Банката** на 30.09.2023 година изнесуваат 222 милиони денари и бележат намалување од 70,8 % во најголем дел како резултат на значително помалиот износ на наплатени претходно отпишани побарувања, како и поради извршена измена на евидентирањето на приходите од девизно работење, кои од 01.01.2023 година се евидентираат во позицијата курсни разлики. Планот е остварен со 48,0 %.

**Оперативните расходи** за периодот 01.01-30.09.2023 година изнесуваат 1.520,6 милиони денари и во однос на истиот период од минатата година се зголемени за 2,6 % како резултат на зголемен износ на плати и други трошоци на вработените поради зголемување на вредноста на бодот во два наврати (кон крајот на 2022 година и во вториот квартал од 2023 година), како и зголемената амортизација. Планот е остварен со 96,9 %.

Во периодот од 01.01-30.09.2023 година, Банката прокнижи **загуба поради оштетување на нефинансиските средства на нето основа** во износ од 2 милиони денари, во согласност со регулативата од НБРСМ.

Во извештајниот период Банката прокнижи **исправка на вредност на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансни изложености на нето основа** во износ од 545,3 милиони денари, наспроти 546,8 милиони денари во истиот период минатата година.

## 2. Биланс на состојба

**Вкупната актива** на Банката на 30.09.2023 година достигна износ од 159.123,3 милиони денари и во однос на декември 2022 година бележи зголемување од 5,4 %. Зголемувањето на вкупната актива се должи на зголемените парични средства и парични еквиваленти, вложувањата во хартии од вредност, кредитите на комитенти и кредитите и побарувања од банки. Планот е остварен со 102,0 %.

**Паричните средства и паричните еквиваленти** бележат зголемување од 4,4 %, во најголем дел заради зголемената состојба на пласираните денарски депозити во НБРСМ и зголемената состојба на денарската сметка и благајната на Банката, а во помал обем и поради зголемувањето кај орочените депозити во странски банки до 3 месеци и зголемената состојба на пласираните средства во КИБС – Резервен гарантен фонд. Планот е остварен со 101,0 %.

**Средствата за тргување** бележат зголемување од 0,8 % како резултат на купени акции.

**Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање** во износ од 361,6 милиони денари се состојат од вложувања во удели во инвестициски фондови.

**Кредитите на и побарувањата од банки** бележат зголемување од 194,5 %, кое се должи главно на зголемените девизни депозити од 3 месеци до 1 година во валута УСД, со цел остварување повисоки приходи во рамки на утврденото прифатливо ниво на ризик, при изразено променливи услови на работење на странските пазари. Планот за анализираниот период е исполнет со 293,4 %.

**Кредитите на и побарувањата од други комитенти** бележат зголемување од 3,2 % како резултат на зголемено кредитирање, пред сè на секторот домаќинства, а во помал обем и на секторот нефинансиски друштва. Планот за анализираниот период е остварен со 100,0 %.

**Вложувањата во хартии од вредност** се зголемени за 9,2 % главно како резултат на запишани континуирани државни обврзници во денари, запишани државни записи со рочност над 3 месеци и државни обврзници издадени од нерезиденти. Планот за анализираниот период е остварен со 104,1 %.

**Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања** се зголемени за 73,4% по основ на платен данок на промет и новопреземен имот, но истите имаат минимално учество во вкупната актива од 0,02 %.

**Вкупните депозити (депозити на комитенти и депозити на банки)** достигнаа износ од 139.685,0 милиони денари и бележат зголемување од 4,6 %. Планот е остварен со 101,8%.

**Обврските по кредити** изнесуваат 639,0 милиони денари и се намалени во однос на декември 2022 година за 8,5 %, како резултат на нето-ефектот од нови повлекувања и отплатени доспеани рати од кредитните линии. Планот е остварен со 112,2 %.

**Акционерскиот капитал и резервите на Банката** со состојба 30.09.2023 година достигнаа износ од 17.476,8 милиони денари и во однос на декември 2022 година бележат зголемување од 12,4 % како резултат на зголемените останати резерви и зголемената задржана добивка согласно Одлука за распределба на добивката за 2022 година, донесена од Собранието на акционери на 29.03.2023 година. Планот за анализираниот период е реализиран со 102,9 %.

## 3. Очекувања за претстојниот период

Макроекономските услови во кои Банката ја остварува својата активност во текот на 2023 година се условени од продолжените геополитички тензии од воената инвазија на Русија врз Украина, бавното економско закрепнување и извесната рецесија кај најголемиот трговски партнер - Германија, како и домашните политички случувања. Ваквиот амбиент делува неповолно врз изгледите за раст на домашната економија.

Високото ниво на неизвесност во домашната економија и на меѓународен план упатуваат на потребата од поконзервативен пристап во обликувањето на очекувањата за 2023 година, при што се земени предвид проекциите објавени од Министерството за финансии, Народната банка на Република Северна Македонија, Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка.

Во услови на исклучително голема променливост на претпоставките и висока неизвесност, последните прогнози на Светската банка предвидуваат поскромна стапка на раст на БДП за 2023 година од 1,8 % како резултат на забавувањето на надворешната побарувачка и континуираното зголемување на трошоците на живот. Растот се очекува умерено да забрза на среден рок како резултат на порастот на јавните инвестиции, закрепнатата потрошувачка и зголемувањето на извозот.

Комерцијална банка

Макроекономската стабилност во 2023 година се очекува да биде одржана преку одржување на ценовната стабилност и стабилноста на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото. Се очекува преземените мерки од страна на државата и затегнувањето на монетарната политика од страна на НБРСМ да влијаат врз движењето на инфлацијата, такашто истата, согласно последните прогнози на Светската банка се очекува да изнесува околу 9 %. Банките ќе ги следат сигналите на Народната банка во однос на монетарната политика и соодветно ќе ги коригираат каматните стапки на депозитите и кредитите.

Комерцијална банка ќе ги презема сите неопходни активности за прилагодување кон новонастанатите состојби, при што и во следниот период ќе биде фокусирана пред сè на одржување на квалитетот на портфолиото и изнаоѓање флексибилни решенија на барањата на клиентите, ефикасно управување со трошоците, натамошна дигитализација на процесите и модернизација на деловната мрежа, прилагодување на деловните процеси во согласност со барањата на новиот Закон за платежни услуги и платни системи, унапредување на доброто корпоративно управување и на практиките за одржлив развој и сл.

4. **Известување за промени во сметководствените политики и методи на вреднување**

Во трите квартали од 2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

5. **Исплатени дивиденди**

Во извештајниот период Банката објави повик за учество на Годишно собрание на акционери. На 29.03.2023 година беше одржано годишно собрание на акционери на Банката. Составен дел на материјалите за собранието беа и Одлуката за употреба и распределување на нераспределената добивка до 31.12.2022 година и Одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2022 година. Врз основа на наведените одлуки, Банката на 04.05.2023 година изврши исплата на дивидендата за 2022 година на акционерите иматели на обични акции кои се евидентирани во книгата на акции на 18.04.2023 година. Од вкупно пресметаната дивиденда за 2022 година во износ од 1.139.533.500,00 денари, исплатена е дивиденда на правни лица во износ од 601.480.500,00 денари и на физички лица во износ од 538.053.000,00 денари. Износот на дивиденда по една акција изнесуваше 500,00 денари, односно 50,0% во однос на номиналната вредност на акцијата.

6. **Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи)**

Со состојба на 30.09.2023 година, недвижностите и опремата бележат намалување од 1,6 % во однос на декември 2022 година, главно како резултат на пресметана амортизација.

7. **Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемување поголеми од 30%)**

Со состојба на 30.09.2023 година, обврските по кредити бележат намалување од 8,5 % во однос на декември 2022 година, главно како резултат на повисокиот износ на редовна отплата на обврските по кредити во однос на износот на новите повлекувања по договорите за кредит.

Скопје, 26.10.2023 година